Република Македонија
**ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Бр. 04-43/6
13.02.2025 година
Н е г о т и н о

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,, Сл.весник на РМ " бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл.весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 и 14/2020), Секретарот на општина Неготино во постапка на вработување на административни службеници во општинската администрација ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидати за вработување на административни службеници по пат на јавен оглас**

**1**. За извршител на работното место **Советник за финансиско управување** и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител ) во Одделение за финансиски работи , Сектор за финансиски прашања , се избира кандидатот **Петре Трајков**.

**2.** За извршител на работното место **Помлад соработник за утврдување и наплата на локални даноци и такси** и шифра на работно место: УПР 01 01 В04 000 (1 извршител) во Одделение за даноци , такси и надоместоци , Сектор за финансиски прашања , се избира кандидатот **Кристијан Николовски.**

**3.** За извршител на работното место **Советник за правни работи** и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител) во Одделение за правни и општи работи , Сектор за правни и општи работи и јавни дејности , се избира кандидатот **Пепица Камчева.**

**4**. За извршител на работното место **Самостоен референт - архивар** и шифра на работно место: УПР 01 01 Г03 000 (1 извршител) во Одделение за правни и општи работи , Сектор за правни и општи работи и јавни дејности , се избира кандидатот **Оливера Анѓелкова Витанов.**

**5**. За извршител на работното место **Соработник за издавање на одобренија за градби од втора категорија** и шифра на работно место: УПР 01 01 В03 000 (1 извршител) во Одделение за урбанизам и заштита на животната средина , Сектор за урбанизам и заштита на животната средина и природа , комунални работи и сообраќај и локален економски развој се избира кандидатот **Стефанија Зафирова .**

**6**. За извршител на работното место **Соработник за заштита на животната средина и природа** и шифра на работно место: УПР 01 01 В03 000 (1 извршител) во Одделение за урбанизам и заштита на животната средина , Сектор за урбанизам и заштита на животната средина и природа , комунални работи и сообраќај и локален економски развој се избира кандидатот **Маја Наќова Јаневска.**

**7.** Именуваните ќе бидат вработени на неопределено време за горенаведените работни места по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесат посебни решениа за работа.

**8.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација на барање на општина Неготино објави јавен оглас **бр.404/2024** година на ден 26.12.2024 година во дневните весници ,,Слободен Печат,, , ,,Вечер,, и ,,Коха,, за вработување на 8 (осум) административни службеници на неопределено време за следните работни места **во Одделение за финансиски работи** - Советник за финансиско управување и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител), **во Одделение за даноци , такси и надоместоци** - Советник за утврдување и наплата на локални даноци и такси и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител) и Помлад соработник за утврдување и наплата на локални даноци и такси и шифра на работно место: УПР 01 01 В04 000 (1 извршител) **, во Одделение за правни и општи работи** - Советник за правни работи и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител) и Самостоен референт - архивар и шифра на работно место: УПР 01 01 Г03 000 (1 извршител), **во Одделение за урбанизам и заштита на животната средина** - Соработник за заштита на животната средина и природа и шифра на работно место: УПР 01 01 В03 000 (1 извршител) и Соработник за издавање на одобренија за градби од втора категорија и шифра на работно место: УПР 01 01 В03 000 (1 извршител), **во Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат** - Самостоен референт - комунален редар и шифра на работно место: УПР 01 01 Г03 000 (1 извршител) .

Комисијата за административна селекција на административен службеник на ден 13.01.2025 година во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 404/2024 објавен на ден 26.12.2024 година , при што се утврди дека од пријавени вкупно 35 кандидати , 16 се уредни и 19 неуредни кандидати. Од вкупниот број на уредни кандидати , 16 продолжија во втората фаза .

На ден 30.01.2025 година во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе стручниот испит за административен службеник , втора фаза од постапката на која се утврди дека од вкупно 16 уредно поканети кандидати , 8 кандидатите се појавиле на полагањето.

По спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за работа трета фаза од постапката во просториите на Агенцијата за администрација на ден 07.02.2025 година во 14:00 часот, се објави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

За работното место со шифра : УПР 01 01 В01 000 и назив на работно место – Советник за финансиско управување, Одделение за финансиски работи , Сектор за финансиски прашања ,1(извршител)

| Ред.бр. | Идентификациски код | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | Освоени бодови од Трета фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 266C5EA | 17.71 | 39.00 | 17.00 | 73.71 |

Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Петре Трајков

За работното место со шифра : УПР 01 01 В01 000 и назив на работно место – Советник за утврдување и наплата на локални даноци и такси , Одделение за даноци , такси и надоместоци , Сектор за финансиски прашања ,1(извршител) немаше кандидат кој се квалификува за вработување .

За работното место со шифра : УПР 01 01 В04 000 и назив на работно место – Помлад соработник за утврдување и наплата на локални даноци и такси , Одделение за даноци , такси и надоместоци , Сектор за финансиски прашања ,1(извршител)

| Ред.бр. | Идентификациски код | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | Освоени бодови од Трета фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | BCD43E4 | 17.03 | 35.00 | 17.00 | 69.03 |

Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Кристијан Николовски .

За работното место со шифра : УПР 01 01 В01 000 и назив на работно место – Советник за правни работи такси , Одделение за правни и општи работи , Сектор за правни и општи работи и јавни дејности,1(извршител)

| Ред.бр. | Идентификациски код | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | Освоени бодови од Трета фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 27F8541 | 21.60 | 35.75 | 16.32 | 73.67 |

Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Пепица Камчева.

За работното место со шифра : УПР 01 01 Г01 000 и назив на работно место – Самостоен референт - архивар, Одделение за правни и општи работи , Сектор за правни и општи работи и јавни дејности,1(извршител)

| Ред.бр. | Идентификациски код | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | Освоени бодови од Трета фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 0D882AB | 31.78 | 36.25 | 16.32 | 84.35 |

Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Оливера Анѓелкова Витанов.

За работното место со шифра : УПР 01 01 В03 000 и назив на работно место – Соработник за издавање на одобренија за градби од втора категорија , Одделение за урбанизам и заштита на животната средина , Сектор за урбанизам и заштита на животната средина и природа , комунални работи и сообраќај и локален економски развој ,1(извршител)

| Ред.бр. | Идентификациски код | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | | Освоени бодови од Трета фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 09C63C5 | 19.82 | 36.50 | | 16.32 | 72.64 |

Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Стефанија Зафирова .

За работното место со шифра : УПР 01 01 В03 000 и назив на работно место – Соработник за заштита на животната средина и природа, Одделение за урбанизам и заштита на животната средина , Сектор за урбанизам и заштита на животната средина и природа , комунални работи и сообраќај и локален економски развој ,1(извршител)

| Ред.бр. | Идентификациски код | Освоени бодови од Прва фаза | Освоени бодови од Втора фаза | | Освоени бодови од Трета фаза | Вкупно освоени бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 21D821A | 19.17 | 34.50 | | 17.00 | 70.67 |

Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Маја Наќова Јаневска .

За работното место со шифра : УПР 01 01 Г01 000 и назив на работно место – Самостоен референт – комунален редар, Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат,1(извршител) немаше кандидат кој се квалификува за вработување .

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од објавувањето на оваа одлука на ВЕБ страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација , до Агенцијата за администрација Скопје.

С е к р е т а р,
Марија Нацева
_______________

Изработил:Елизабета Камчева _______________
Одобрил:Ивица Златковиќ _______________